РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 03-575/1
11.04 2024 год.
ГЕВГЕЛИЈА

УРБАН ПЛАН КОНСТРУКТИОН УПЦ
URBAN PLAN CONSTRUCTION UPC
ДООЕЛ експорт-импорт Тетово
Бр. 01-2/53 11.04 2024 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-1018/13
11-04-2024 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

# Анекс на договор за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија

1. Министерство за труд и социјална политика, со седиште на ул. Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Ѓоко Велковски, во понатамошниот текст, „Договорен орган" од една страна,
2. Општина Гевгелија со седиште на ул. Димитар Влахов, претставувана од страна на градоначалникот Андон Сарамандов, во понатамошниот текст: Нарачател (член на групата нарачатели), и
3. Друштво за производство, градежништво, транспорт, угостителство, трговија и услуги УРБАН ПЛАН КОНСТРУКТИОН УПЦ, експорт – импорт Тетово, со седиште на ул.Борис Кидрич бр.82/3, Тетово, застапувано од овластено лице Сејди Шахсивари (во понатамошниот текст: Носител на набавката – Изведувач.

## Член 1

Договорните страни го склучуваат овој Договор врз основа на член 68 од Договорот за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија со МТСП архивски број 02-760/1 од 18.01.2023 година, број на Носителот на набавката 01/7 од 05.01.2023 година и архивски број на Општина Гевгелија 03-128/1 од 23.01.2023 година и член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија 24/19 и Службен весник на Република Северна Македонија 87/2021).

## Член 2

Предмет на овој Анекс е изменување на одредбите од Договорот за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија со МТСП архивски број 02-760/1 од 18.01.2023 година, број на Носителот на набавката 01/7 од 05.01.2023 година и архивски број на Општина Гевгелија 03-128/1 од 23.01.2023 година .

Овој Анекс се склучува по претходно доставено Барање за продолжување на рокот за изведба по Договор за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија од Изведувач Урбан план конструктион УПЦ со број 01-2/46 од 21.03.2024 година, доставено до Надзорен орган и Мислење од Надзорен орган МБМ Архитекти Дооел Скопје во врска со продолжување на рокот на изведба со бр.0302-179/1 од 28.03.2024 година, заверено во архива на МТСП со бр. 03-1018/11 од 28.03.2024 година, поради тоа што согласно горенаведените документи постојат оправдани причини за продолжување на рокот на Договорот до 15.07.2024 година.

## Член 3

Член 3 став 2 од основниот договор се менува и гласи:

„Изведувачот е должен работите предвидени во член 2 од овој Договор да ги заврши најдоцна до 15.07.2024 година."

### Член 4

Согласно член 42 од основниот Договор, Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 15% од вкупната вредност на Договорот, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изведе работите кои се предмет на овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на договорот, односно до 15.09.2024 година.

### Член 5

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

### Член 6

Овој Договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од сите договорни страни.

### Член 7

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

| Министер | Градоначалник | Управител |
|---|---|---|
| Гоко Велковски | Андон Сарамандов | Седи Шахсивари |